21029

ČLAN MEĐUNARODNE ORGANIZACIJE — FIBEP

pres-kliping · press-clipping

(Osnovano 1952 godine)

NOVINSKA DOKUMENTACIJA

NOVINSKO IZDAVAČKO PREDUZEĆE

PRESS PUBLISHING ENTERPRISE

Beograd — Knez Mihajlova 2/IX — Pošt. fah — P. O. Box 95,

Tel. 621-578 — Žiro račun — Current Account: 60801-601-3289

Isečak iz lista
Newspaper cutting

НОВА МАКЕДОНИЈА
Скопје

29. VII. 1973

КУЛТУРНА ХРОНИКА

# Земјотресот во Скопје — тема за изложба

По повод десетгодишнината од катастрофалниот земјотрес во Скопје во 1963 година, во нашиот главен град е отворена изложба на слики и цртежи на Ѓорѓи Крстевски која за посетителите ќе биде отворена до 26 август. Всушност, во Музејот на град Скопје сликарот се претставува со 9 масла и 12 цртежи во фломастер. Изложените цртежи се работени непосредно по катастрофата, а платната авторот ги работел во последниве две години. Според искажувањата на авторот по повод отворањето на неговата изложба, тој сакал преку неа да ги потсети луѓето на преживеаното, но и на она што следеше потоа — на човековата солидарност и на бескрајниот оптимизам со што, речиси преку ноќ, врз урнатините на стариот се изгради нов, модерен град.

* * *

УШТ ЕДВЕ ИЗЛОЖБИ — Во рамките на средбата на солидарноста МСУ од Скопје во своите салони деновиве отвори две мошне интересни меѓународни изложби: изложба на цртежи од кои повеќето се селектирани од уметниците специјално за оваа постановка и изложба на графички отисоци одбрани од мошне богатата колекција на Музејот. Изложбите побудија големо интересирање, а каква е критичката оцена доволно зборува еден цитат од критичкиот осврт за втората изложба на Ладислав Баришиќ, кој вели: „Оваа изложба е уште една можност да се изостри духот на гледачот и да се споредат ликовните промени од оние тенденции кои, иницирани од искуствата на естампа, литографија и стари графички техники зборуваат со јазик на минати естетики и преку тие искуства да се следи развитокот на графиката до оној момент кој е присутен, кој е карактеристичен".